# Исплатени уште двајца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, уште двајца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 1.074.062 денари на корисникот Вардарска Долина од с.Курија, Неготино за обновување на постоечки лозови насади. Од вкупно исплатените средства  805.546 денари се средства од буџетот на ЕУ и 268.516 денари се национален дел.

На корисникот АГРОФИЛА ДООЕЛ, ул.Индустриска Зона Македонка бр.21,Штип, исплатени се средства во износ од 741.292 денари од кои 555.969 денари се средства од буџетот на ЕУ и 185.323 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за за обновување на постоечки овошни насади.